Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ул. Макарие Фрчковски бр. 8 / тел/факс: 3163-812, 3162-436, 3109-401 / п.ф. 328

Бр.: 01-77/3

23.02. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за 2017 година


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ЕЛАБОРАТ
ЗА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ НА КУЛТУРАТА
КУРШУМЛИ АН – СКОПЈЕ





СКОПЈЕ
2017

*Годишниот извештај на НУ Конзерваторски центар - Скопје содржи релевантни податоци за програмските задачи извршени во текот на 2017 година финансирани од Министерството за култура на Република Македонија, како и податоци за вонпрограмски активности извршени по барање на други субјекти а кои се во надлежност на НУ Конзерваторски центар Скопје.*

## *1. Непланиран увид во состојбата на културното наследство*

*Во рамките на редовната работа на НУ Конзерваторски центар Скопје не се вршени планирани увиди, но вршени се увиди по доставени барања од имателите на спомениците, а со цел да се констатира состојбата на спомениците и да се дадат препораки и предлог мерки. Во текот на 2017 година увид од овој тип е вршен во:*

- Материјалот во задниот двор во Куршумли ан во Скопје, Општина Чаир- поточно фајансови плочки кои се останати од конзерваторските зафати на турбето во Алаџа Џамија во Скопје по скопскиот земјотрес од 1963 година, кога за потребите на зафатите се изработени копии на оригиналните плочки кои биле оштетени или отпаднати од објектот (констатација од увидот). Овој увид беше по барање од Археолошки музеј на Македонија;
- Чифте амам, Општина Чаир, Скопје; по настанато силно невреме проследено со дожд и град, а како надлежна установа за заштита на недвижното културно наследство на територијата на град Скопје. Врз основа на овој увид и понатамошната законска постапка доброто е прогласено за културно добро во опасност;
- Просторија - Галерија на икони во рамките на Музејот на Македонија во Скопје по настанатите штети на објектот, по барање на НУ Музеј на Македонија;
- Зграда на ул. “Македонија“ бр. 33 (“Ристиќева палата“) во Скопје по настанати штети, по барање на претседателот на куќниот совет на предметниот објект;
- Увид на состојба на надгробен нишан на Меддах Баба во комплексот Јигит Паша турбе во Старата скопска чаршија; по барање на физичко лице кое неосновано тврдеше дека нишанот повеќе не се наоѓа во комплексот;
- Увид на состојба на црквата Св. Никола, с. Љуботен, Општина Бутел, Скопје; врз основа на информацијата од јавните гласила дека на предметниот простор е извршен упад со скрнавење на верските симболи, а како надлежна установа за заштита на недвижното културно наследство на територијата на скопски регион;
- Даут пашин амам, Општина Центар, Скопје - по настанати штети на објектот, по барање на НУ Национална галерија на Македонија;

- Зграда на ул. “Ѓуро Ѓаковиќ“ бр 61 Скопје (Министерство за култура) по барање на Министерството за култура за увид во состојбата на фронталната фасада од кој произлезе извршување на конзерваторски истражувања и изработка на извештај за утврдување и проценка на штета.
- Манастир “Успение на Пресвета Богородица“, с. Матка, Општина Сарај, Скопје, по барање на Сестринството од манастирот и УЗКН;
- Црква Св. Никола, с. Шишево, Општина Сарај, Скопје, по информација од јавните гласила и телефонско барање од МПЦ Охридска архиепископија за загрозеноста на доброто при голем пожар во текот на јули. Заради меѓувремено проширување на пожарот истовремено е направен увид и на црквата Св.Андреа, Матка;
- Црква Св. Вмч Димитрија - Марков манастир, с Маркова Сушица, Општина Студеничани; по барање на Сестринството од Комплексот на Марков манастир и УЗКН;
- КП 2005, КО Горно Соње, Општина Сопиште, по барање на жители и иматели на имоти долж улица бр.11 во населено место Горно Соње;
- Археолошко наоѓалиште Св. Спас, с. Матка, Општина Сарај, Скопје по барање на црковниот одбор на црквата.

### 2. *Елаборати за ревалоризација*

- Елаборат за ревалоризација на Споменикот на културата - Куќа на ул. “Пајко Мало“ бр. 14, Скопје;
- Елаборат за ревалоризација на Споменикот – Зграда на ул. “Ѓуро Ѓаковиќ“ бр 61 Скопје (Министерство за култура);
- Елаборат за револаризација на Споменикот - Зграда на ул. “Ленинова“ бр 17 во Скопје;
- Елаборат за ревалоризација на споменикот на културата - црква Св.Димитрија во Скопје;
- Елаборатот за ревалоризација на споменикот на културата - Манастирска црква Св.Пантелејмон во с.Горно Нерези;
- Корекции на Елаборатот за ревалоризација на споменикот на културата - Куршумли ан во Скопје, а по забелешките од комисијата за ревизија на истиот.

### 3. *Непосредна заштита*

*Во текот на 2017 година вршена е непосредна заштита на дел од предходно изготвени конзерваторски проекти како и обезбедување услови/материјали за реализација на оние изготвени проекти за кои не се добиени доволно средства за отпочнување на нивна реализација.*

1. Конзервација, реставрација и реконструкција на фасада на ул. *“Евлија Челебија“* бр 3, КП 9033, КО Центар 1, во spоменичка целина Стара скопска чаршија (Проектот е започнат 2016 год. и истиот е завршен 2017 год.).
2. Превентивна заштита на *Даут Пашин амам во Скопје*: Набавка на материјали (Со предвидените сретства извршено е набавка на потребниот материјал: заштитни мрежи, сајли и сл, и истиот се чува во магацин на набавувачот Макаус Скопје. По обезбедување на потребните дополнителни средства во 2018 год заштитните мрежи ќе бидат поставени на места каде безбедноста на Националната галерија е нарушена).
3. Конзервација, реставрација и статичко зајакнување на *конакот во манастирот Св. Никола во с. Љубанци*, скопско се одвиваше во периодот од 12.02.2017 до 16.03.2017 год. при што истата се состоеше во санација на штетите настанати на објектот од лошите временски прилики во текот на месец јануари и дел од февруари 2017 година. По инспекциски надзор од УЗКН привремено се запрени работите на објектот заради необновување на конзерваторското одобрение, по што истата инспекција се обраќа и до Државниот инспекторат заради не поседување на одобрение за градење. Документот со кој Општина Бутел се изјаснува дека не може да издаде одобрение за градење за објектот со оглед на фактот дека не поседуваат планска документација за предметниот простор (вон населено место) како и претходно добиеното Решение за издавење на заштитно конзерваторски услови не беа доволни за да во првото конзерваторско одобрение не е посочено и обврзно добивање на правосилно одобрение за градба. Истовремено е отпочната и изработка на Анекс на основниот проект, фаза: градежно конструктивен проект со кој се дефинираат и решаваат новонастанатите конструктивни проблеми. Проектот е завршен во јули 2017 година, но до сега процедурата за ревизија и стручна контрола на истиот не е започната. Кон крајот на 2017 година од страна на НУ Конзерваторски центар Скопје е доставено барање до Министерството за култура, УЗКН И МПЦ Охридска Архиепископија за изнаоѓање на решение за изработка на планска документација за просторот на кој се наоѓа Споменичката целина „Манастирот Св.Никола во с.Љубанци“. Активностите за разрешување на состојбата и создавање на услови за продолжување со непосредната заштита на културното добро ќе продолжат и во 2018 година.

   Напомена: од 16.03.2017 г. до 06.04.2017 г. (односно до пристигнувањето на решението за привремено запирање на работите) вршена е заштита на објектот и дотогаш завршените позиции од непосредната заштита (разшалување на избетонираните столбови, нивно поврзување со арматура, поставување хоризонтална хидроизолација како и шалување на плоча и греди над подрумските

простории со што истите се покрија и делумно са заштитија од директен продор на атмосферилии) како не би дошло до уште поголеми оштетувања на веќе загрозениот објект во периодот до продолжување со работа.




Конзервација, реставрација и статичко зајакнување на конакот во манастирот ***Св. Никола во с. Љубанци***, скопско
( затекната состојба - февруари 2017 и состојба во текот на интервенциите)



Конзервација, реставрација и статичко зајакнување на конакот во манастирот ***Св. Никола во с. Љубанци***, скопско
(состојба на објектот при негова заштита заради прекинот на работите)

4. Конзервација и реставрација на фрескоживописот во црквата Св. Никола, с. Љуботен, Општина Бутел, Скопје, трета фаза (Реализацијата на третата фаза од проектот се одвиваше од 1.11.2017 до 02.12.2017 год. Изведени се конзерваторско реставраторски работи на западен северен и источен ѕид).







Конзервација на фрескоживописот во црквата Св никола, с. Љуботен

5. Конзервација и реставрација на иконите и иконостасот во црквата Св. Спас Скопје - втора фаза: Набавка на материјали (во рамките на одобрените сретства беа набавени конзерваторски материјали кои што се неопходни за реализација на конзерваторските работи во 2018 година).

НАПОМЕНИ:

- Во текот на 2017 г. од Министерството за култура беа одобрени средства за реализација на основниот проект за адаптација на куќата на Лазар Личеноски. Меѓутоа поради обемноста на проектот и промена на планската документација во контактната зона на доброто се оддолжи

рокот на предавање на целокупната проектна документација и резултатите од истражувачките работи. По комплетирање на проектот со сите потребни фази (архитектура, електрика, видео надзор, водовод и канализација како и комплетна документација за музејската поставка) ќе се продолжи со управно правната постапка за негово реализирање. Од овие причини доделените средства се вратени на Министерството за култура.

- Во текот на 2017 г. беа одобрени дел од средствата за реализација на Проектот за Конзерваторско - реставраторки интервенции на споменик на културата комплекс Св. Спас ул. Макарие Фрчковски бр. 8 Скопје, но истите не беа искористени бидејќи во меѓувреме се констатирани деградации кај дел од теренот и темелните партии во непосредна близина на влезот во подземните тунели кои минуваат низ споменикот, што услови одложување на реализацијата на овој проект за 2018 година.

## 4. *Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство*

*Како законска надлежност, а по барање на општините и приватни инвестотори, за изработка на урбанистички планови за одредени површини од територијата на град Скопје и Скопскиот регион, во текот на 2017 година изработени се заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјата на опфат на урбанистички планови за:*

- ЗКО за ДУП за "Градска четврт ЦС 04 – Пресвета Богородица", Општина Центар, Скопје;
- ЗКО за ДУП за "Градска четврт З 10 – локалитет Дебар мало I и дел од Дебар мало II", Општина Центар, Скопје;
- ЗКО за Урбанистички план за село Катланово , Општина Петровец.

НАПОМЕНА:

- Заштитно конзерваторските основи се финансирани од страна на барателите - општините и приватните инвеститори.

### *5. Заштитно-конзерваторски услови*

- ЗКУ за реконструкција на фасадата на објект на ул. “8 - ма Ударна бригада“ и ул. “Вељко Влаховиќ“ бр 26, КП 11890, КО Центар 1, Општина Центар, Скопје;
- ЗКУ за санација, адаптација, реставрација и внатрешно уредување на ЈУ Градска библиотека “Браќа Миладиновци“ – Скопје, КП 10189/1, КО Центар 1, Општина Центар, Скопје.

### *6. Заштитни археолошки истражувања*

*Како законска обврска при преземањето на мерки на непосредна заштита на градба во состав на контактна зона на заштитено добро, која нема статус на поединечно заштитено добро се врши врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната јавна установа за заштита на недвижно културно наследство, а по барање на инвеститорот. Доколку во режимот за заштита за контактната зона е пропишано задолжително заштитно археолошко истражување истото претставува еден од условите за издавање конзерваторско мислење. Во случај кога археолошките истражувања се во рамките на изработка на Заштитно конзерваторски основи или Заштитно конзерваторски услови (режим) истите се сведуваат на рекогносцирање на теренот. Во текот на 2017 година ваков вид истражувања са вршени на:*

- Заштитни археолошки истражување на КП 610, КО Злокуќани, Општина Карпош, Скопје;
- Заштитни археолошки истражување на КП 611/3, КО Злокуќани, Општина Карпош, Скопје;
- Заштитни археолошки истражување на КП 529/3, КО Злокуќани, Општина Карпош, Скопје;
- Заштитни археолошки истражување на КП 529/2, КО Злокуќани, Општина Карпош, Скопје.
- Заштитни археолошки истражување на КП 529/1, КО Злокуќани, Општина Карпош, Скопје.
- Археолошки истражувања (површинско испитување на теренот – рекогносцирање) во атарот на село Катланово (за потребите на изработка на Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на Урбанистички план за село Катланово , Општина Петровец).

НАПОМЕНА:

- Заштитните археолошки истражувања се финансирани од страна на барателите - приватни инвеститори.

## 7. *Конзерваторски надзор*

*Конзерваторски надзор е вршен при реализација на следните проекти:*

- Основен проект за конзервација, реставрација и реконструкција на гледалиштето на театарот во Скупи. Во текот на 2017 година вршен е конзерваторски и археолошки надзор на реализацијата на Основен проект за конзервација, реставрација и реконструкција на гледалиштето на Антички театар Скупи бр. 08-75/1 од 22.01.2016 изработен од страна на НУ Конзерваторски центар-Скопје. Финансиските средства се добиени од Управата за заштита на културното наследство како координатор врз основа на склучен договор бр. 03-75/61 од 29.12.2016 година;
- Основен проект за конзервација, реставрација и статичко зајакнување на стариот конак во манастирот Св. Никола во с. Љубанци;
- Основен проект за конзервација и реставрација на објект од 14-16 век и објект од рано отоманско време фаза 2 од 17-18 век во централниот дел на тврдината Кале во Скопје;
- Основен проект за конзервација и реставрација на внатрешните преградни бедеми на Скопската тврдина Кале (Блок VIII);
- Основен проект за конзервација и реставрација на градбите во северозападниот агол во Скопската тврдина Кале (Блок VIII).

## 8. *Учество во стручни тела формирани од други субјекти*

*Стручни лица од НУ Конзерваторски центар - Скопје учествуваа во следните активности:*

- Рецензиона комисија за избор и преизбор во стручни звања од областа на заштита на културното наследство;
- Стручна контрола на Проект за непосредна заштита - конзерваторски интервенции на ѕидно сликарство во манастирската црква “Св. Димитриј“, Под Кале , Велес;
- Стручна контрола на Идеен проект за надградба на станбена зграда на ул. “Филип Втори Македонски“ бр. 15, Општина Чаир, Скопје;
- Стручна контрола на Идеен проект за конзервација и реставрација на кров на ул. “Кочо Рацин“ бр 9 во Берово;
- Стручна контрола на Основен проект за конзервација, реставрација и санација на Али Бегова куќа - Центар за ментално здравје во Тетово;

- Стручна контрола на Основен проект за конзервација и реставрација на Куќа на ул. “Јован Алабаков“ бр. 7 и 10 во Велес;
- Стручна контрола на Основен Проект за конзервација, реставрација, реконструција на камбанарија и црква св. Никола, с. Пласница, Општина Пласница;
- Стручна контрола на Основен Проект, фаза архитектура за конзервација, реставрација и санирање на куќата Петко Деспотовски, КП 419, КО Јанче, Општина Маврово Ростуше;
- Стручна контрола на Основен Проект за конзервација на куќите на ул. “Јован Алабаков“, бр. 7 и 10, КП 3693 и КП 3655 КО Велес;
- Стручна контрола на Основен Проект за конзервација, реставрација на фасадата на објектот Локална Установа Градски Музеј, Крива Паланка;
- Стручна контрола на Анекс на Основен Проект за конзервација, реставрација, санација и зајакнување на Алим Бегова Ќуќа - Центар за ментално здравје при Клинички центар – Тетово;
- Стручна контрола на Основен Проект за конзервација, реставрација на кров на ул. “Кочо Рацин“ бр. 9 КП 2037, КО Берово;
- Учество во тим за изработка на ЗКО за Урбанистички план за КО Дебар, Општина Дебар;
- Учество во изработка на Основен Проект за конзервација, реставрација и адаптација на Куршумли ан во Скопје за потребите на турскиот културен центар Јонус Емре, а според потпишаниот договор помеѓу владите на Република Македонија и Република Турција;
- Учество во работата на Стручно-работното тело за стабилноста на минарето на Алаџа џамијата - Скопје. Проектот е реализиран со меѓусебна соработка на НУ Национален конзерваторски центар Скопје и ТИКА;
- Учество во Комисија за вршење увид во изведените работи на недвижното добро – Алимбегова куќа во Тетово и во постојната документација која ја поседува стручната институција;
- Учество во Комисија за вршење увид во текот и реализацијата на предвидените активности за 2017 на Проектот – Заштита на фрескоживописот на црквата Св. Ѓорѓи во селото Курбиново – ресенско.
- Учество во стручен тим за вршење сондажни археолошки истражувања во внатрешноста и во тремот на Исак бег (Алаџа) џамија.
- Учество во стручен тим за вршење сондажни археолошки истражувања на Хусеин шах џамија во Сарај.
- Учество во управен одбор на НУ Национален конзерваторски центар Скопје.

### *9. Издавање на стручни мислења за културното наследство*

- Во текот на 2017 година по барање на правни и физички лица, а како законска обврска издадени се стручни мислења за: утврдување на статус на бесправно изградени објекти, приватизација на градежно земјиште, стручни извештаи за техничка документација за реконструкција на објекти за повеќе од 75 предмети. Исто така по барање на правни и физички лица издавани се мислења во врска со имплементација на детални урбанистички планови, известувања, информации, податоци и сл. При издавањата на овие мислења покрај увидот во доставената документација вршен е и увид на лице место.

### *10. Издавачка дејност*

- Печатење на Извори на споменичко право во Македонија том IV Акти за спомениците на културата и другите културни добра од периодот 1963-1991 од авторот Јован Ристов;
- Во тек е подготовка за печатење на тројазична брошура за Старата Скопска чаршија (концепт, текстуален дел и фотодокументација), проектот продолжува и во 2018 година заради недостаток на средства за реализација на истиот.

### *11. Останати активности*

- Бидејќи подолг временски период Изложбената поставка за Гоце Делчев не беше во функција заради нефункционирање на опремата што беше поставена, успеавме со сопствени средства да ја доведеме во функција а со тоа повторно е отворена за посетители..
- Направен е попис на иконите кои подолг временски период се наоѓаа во депото на нашата институција а се сопственост на МПЦ (некои конзервирани, некои сеуште не заради немање финансиски средства) и истите беа вратени на МПЦ комисиски со нивна согласност (околу 50 икони). Останатите икони од црквата “Св. Спас“ во Скопје конзервирани сеуште се наоѓаат во депото, додека да се направи галеријата во црквата “Св. Спас“.
- Превземени се активности за обезбедување на услови за извршување на прием на изведени работи на Основен Проект за конзерваторско-реставраторски интервенции на фасадата на објектот на бул. “Илинден“ бр. 63, КП 9729, КО Центар 1, Општина Центар, Скопје;
- Превземени се активности за обезбедување на услови за извршување на прием на изведени работи на Основен Проект за реставраторско - конзерваторски интервенции на фасадата на објектот на бул. “Илинден“ бр. 41, КП 9665, КО Центар 1, Општина Центар, Скопје;

- Учество во радио и ТВ емисии како и печатени медиуми со теми од областа на заштита на културното наследство.
- Учество во работата на форумот “Предизвици во спроведување на Европската конвенција за предел“ организиран од ИКОМОС Македонија, со подршка на Министерството за култура на Република Македонија и Делегацијата на ЕУ во Република Македонија;
- Превземање на активности околу одбележување на денот на раѓање и денот на смрта на револуционер Гоце Делчев, одбележување на денот на Републиката во рамките на 114 години од илинденското востание и 73 години од првото заседание на АСНОМ со положување на свежо цвеке на владите на РМ и РБ, посета на принцезата од Тајван и сл.
- Во текот на 2017 година во рамките на редовните активности од водичката служба на нашата установа организирано е пречек и запознавање со културното добро - црквата Св. Спас, како и запознавање со животот и делото на големиот револуционер Гоце Делчев на домашни и странски посетители. Културното добро го посетиле околу: 7000 странски и 900 домашни посетители (300 возрасни и 600 деца).
- Отпочнати и завршени се 8 јавни набавки.

ВД Директор,

---------------------------

Весна Петрушевска

МИ/НА